Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/19) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 30 март 2020 година, донесе

# УРЕДБА
# СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

## Член 1

Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр.48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16, 178/16 и 64/18) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку определено.

За вршењето на железничкиот превоз на патници во Република Северна Македонија, одржувањето на железничката инфраструктура, како и за начинот на компензирање на трошоците за транспортните услуги за превоз на патници, неостварениот приход на превозникот и неостварениот приход на управителот на железничката инфраструктура за време на траење на вонредна состојба, се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

## Член 2

Железничкиот превоз на патници, за време на траење на вонредна состојба го извршува Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.

Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, како управител на железничката инфраструктура, за време на траење на вонредна состојба ги обезбедува услугите потребни за движење на возовите по целата територија на Република Северна Македонија.

Компензирање на трошоците за вршење на железнички превоз на патници на територијата на Република Северна Македонија, кои опфаќаат исплата на надоместок за користење на железничката инфраструктура, одржување, енергија, фиксни трошоци, како и надоместување на неостварениот приход од продажба на билети на превозникот од став 1 на овој член за оние патнички возови кои се укинати за време на траење на вонредната состојба, се врши врз основа на пресметки утврдени во договор склучен помеѓу превозникот од став 1 на овој член и Владата на Република Северна Македонија.

Надоместување на неостварениот приход по основ на надоместок за користење на железничката инфраструктура на управителот на железничката инфраструктура од став 2 на овој член за оние патнички возови кои се укинати за време на траење на вонредната состојба, се врши врз основа на пресметки утврдени во договор склучен помеѓу управителот на железничката инфраструктура и Владата на Република Северна Македонија.

Договорот за компензирање на трошоците за време на траење на вонредната состојба, како и регулирање на исплата на неостварениот приход од продажба на билети за оние патнички возови кои се укинати за време на траење на вонредната состојба од став 3 на овој член, во име на Владата на Република Северна Македонија ќе го склучи министерот за транспорт и врски и директорот на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во рок од три дена од влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

Договорот за регулирање на исплата на неостварениот приход по основ на надоместок за користење на железничката инфраструктура, за оние патнички возови кои се укинати за време на траење на вонредната состојба од став 4 на овој член, во име на Владата на Република Северна Македонија ќе го склучи министерот за транспорт и врски и директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија, во рок од три дена од влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила.

**Член 3**

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр.44-2637/1**
**30 март 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**